РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-2363/3
09-11-2026 г./v.

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 41-та седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Пријавата со бр. 12-2363/1 од 09.07.2026 година со наводи за сомневање за нетранспарентно постапување и незаконитости во работењето на Директорот на Основното училиште ---- кои се однесуваат на нееднаков третман и нетранспарентност при донесување на одлуки кои се од значење на вработените во училиштето и нивниот професионален развој (понатаму: Училиште), СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за постапување по наводите во пријавата надлежна е друга институција.

Да се укаже на подносителот дека може да ја достави пријавата до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на РСМ на натамошно постапување доколу цени дека е дискриминиран на неговото работно место.

Предметот со бр. 12-2363/1 од 09.07.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 09.07.2026 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за нетранспарентно постапување и незаконитости во работењето на Директорот на училиштето, во врска со нееднаков третман и нетранспарентност при донесување на

одлуки кои се од значење на вработените во училиштето и нивниот професионален развој и оформен е предмет бр. 12-2363/1 од 09.07.2026 година.

Имено, во пријавата се наведува дека при трансформација на посебните училишта во основни училишта со ресурсни центри, и според сознанијата на подносителот, изборот на вработени за определени работни задачи не бил спроведен преку јасно утврдени критериуми, ниту преку транспарентна постапка со образложени причини за изборот. Во пријавата тој навел дека по изнесувањето на одредени забелешки од негова страна во врска со потпишувањето на договорот за работа по трансформацијата на неговиот работен однос, забележал промени во односот на претпоставените кон него, односно бил исклучен од учество во различни форми на стручно усовршување, обуки и професионални активности. Исто така, истакнува дека по преселбата на училиштето во новите простории не му бил даден соодветен простор за реализација на логопедските третмани.

По разгледување на наводите во пријавата, ДКСК оцени дека во пријавата не се содржани конкретни и јасни наводи за сомневање за неправилности во однос на спроведените постапки за вработување на лица во училиштето. Истотака, ДКСК оцени дека за проверка на наводите што се однесуваат на нееднаков третман кон вработените во училиштетото и нетраспарентност во постапките за избор на лица кои ќе бидат вклучени во програмите за стручно оспособување и професионален развој без јасно утврдени критериуми за избор кои водат кон дискриминација и нееднаков третман, надлежна е друга институција, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на РСМ.

Од таа причина, ДКСК цени дека да му се укажа на подносителот на пријавата дека може пријавата да ја проследи до оваа институција на натамошно постапување доколу цени дека е дискриминиран на неговото работно место.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р В.З. Советник
Контролирал: м-р Ј.Ц. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Доставено до:
-Подносител на пријава